**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 23.12.2019 година**

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и четвртата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 23.12.2019 година**

Седницата започна во **14,30 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Којковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Којковски**:

Даде пауза од 10 минути (по сопствена оцена).

**По паузата.**

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Којковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред.

Согласно известувањето од стручната служба од 23.12.2019 година доставено по електронски пат, Градоначалникот на Општина Гази Баба предлага дополнување на предложениот дневен ред, со следните точки:

**51.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ООУ "Стив Наумов" - Скопје;

**52.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;

**53.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ООУ "25 Мај" - Скопје;

**54.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје;

**55.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје;

**56.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје; и

**57.** Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на ООУ "Наум Охридски" - Скопје.

Предлози за **изменување и дополнување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точките редоследно од 19 - 47 и точката 50 да се **симнат** од предложениот дневен ред. Точките 48 и 49 да се разгледуваат како точки 19 и 20 а предложениот дневен ред да се **дополни** со нова точка:

**21.** Предлог - Одлука за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година.

Образложение на причините:

Истакна дека повеќе од две години мандат на актуелниот состав на советот и градоначалникот на општината, советниците се сведоци дека на сите јавни настапи градоначалникот на општината постојано го обвинува мнозинството во советот дека со своите одлуки и постапки го кочат развојот на општината и реализацијата на проектите. Сите знаете дека не е така. Статистиката на донесени одлуки го говори токму спротивното. По долги консултации и средби со граѓаните и сериозно разгледување на предложениот материјал, постојат две сериозни причини за оваа одлука на советничката група. Едната е од законски карактер односно согласно член 59 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, материјалот мора да биде доставен најдоцна седум дена пред денот определен за одржување на седницата. Предлог-Буџетот за 2020 година е примен на само пет дена пред денот определен за одржување на седницата. Втората причина е од принципиелен карактер, односно Предлог-Буџетот за 2020 година со Предлог-Програмите како негов составен дел е пред се неразвоен. Не се предвидени средства за капитални инвестиции, канализациони системи, водоводи, подобрување на животната средина и намалување на загадувањето. Понатаму, во него нема предвидено средства ниту за предизборните ветувања а кои се дел од изборната програма на градоначалникот. Нема средства за изградба на нови детски градинки во населените места Инџиково, Трубарево и населба Ќерамидница, за изградба на ново училиште во населба Ќерамидница, за нова катна гаража во населба Маџари, за нов затворен базен во населба Хиподром, за нова амбуланта во населба Автокоманда, за гасификација на општината за која ветувавте огромни средства односно годишно по 80-90.000.000

денари. Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" во консултации и средби со граѓаните веќе го подготвува новиот Предлог-Буџет за 2020 година со цел во месец јануари на седница на совет да се донесе. Предлог-Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година, се предлага во согласносот со член 28 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Во понатамошниот тек на расправата учествуваа: Членовите на советот: Сашко Цветковски (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија"), Градоначалникот и Претседателот на советот на општината.

*Коментар од стручната служба:*

Пред пристапување кон гласање за предлозите за дополнување на предложениот дневен ред за точките 51-57 предложени од Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на Совет - Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија") во својата дискусија истакна дека овие точки не се проблем, меѓутоа потребно е да се расчистат некои дилеми околу тоа дали е воопшто надлежен советот да дава согласности на годишните планови за вработување на општинските основни училишта. Во дискусијата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба. Претседателот на Советот на Општина Гази Баба **ја задолжи стручната служба да подготви барање за мислење до МИОА околу спорниот член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, се со цел точно да се утврди кој орган е надлежен да даде согласност на Предлог-Годишните планови за вработување на општинските основни училишта (министерството за образование и наука или советот на општината)**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"51"** беше ставен на гласање и **не се усвои** со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"52"** беше ставен на гласање и **не се усвои** со **8 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"53"** беше ставен на гласање и **не се усвои** со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"54"** беше ставен на гласање и **не се усвои** со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"55"** беше ставен на гласање и **не се усвои** со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"56"** беше ставен на гласање и **не се усвои** со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"57"** беше ставен на гласање и **не се усвои** со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки не се составен дел на предложениот дневен ред.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Во однос на предлозите за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, предложени од членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), побара поименично гласање за секоја точка врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба и истовремено упати забелешка до советникот Александар Трајковски поради необразложени причини за симнување на точка 50 од предложениот дневен ред.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Причини за симнување на точка 50 се повеќе.

Претседателот на Советот на барање на членот на Советот - Јорданчо Тодосиев, а врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, предлогот за изменување на предложениот дневен ред со симнување на точката **"19"** - Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година, го стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | √ | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | *РАСИМ АЛИ | | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | √ | |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | √ | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | √ | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | √ | |
| 20. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |
| 21. | *ЗОРАН СТОЈАНОВ | | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | √ | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | √ | |
| 24. | *ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | √ | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | √ | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | √ | |

*** Не биле присутни во салата во тек на гласање**

Советот го усвои предлогот за симнување на точка 19.Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година од предложениот дневен ред, со **14 гласа "ЗА" и 9 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "19" е симната од предложениот дневен ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Упати барање до членот на советот - Јорданчо Тодосиев да го повлече барањето за поименично гласање за преостанатите точки, односно во интерес на времето и поголема ефикасност да се гласа одеднаш за сите предлози за симнување на точките од предложениот дневен ред.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Го повлече барањето за поименично гласање за преостанатите точки (20-47 и точка 50).

Предлозите за изменување на предложенот дневен ред со симнување на точките редоследно од 20-47 и точка 50 беа ставени на гласање и усвоени со **14 гласа "ЗА" и 9 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките редоследно од 20-47 и точка 50 **се симнати** од предложениот дневен ред, а точките "48" и "49" ќе бидат разгледувани како точки **"19" и "20"**.

Предлогот за дополнување на предложенот дневниот ред со нова точка 21 беше ставен на гласање и усвоен со **21 глас "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката 21 е составен дел од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **21 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

## **Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-8662 за КП 3796/2 и дел од КП 3795 КО Сингелиќ - 1;
2. Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-1774 за дел од КП 135 КО Трубарево;
3. Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-1640/2016 за КП 914/1 КО Маџари;
4. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Стив Наумов" - Скопје;
5. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;
6. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "25 Мај" - Скопје;
7. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје;
8. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје;
9. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје;
10. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје;
11. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Крум Тошев" - Скопје;
12. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје;
13. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Наум Охридски" - Скопје;
14. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Његош" - Скопје;
15. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2020 година;

16. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2020 година;
17. Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година;
18. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2020 година;
19. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година;
20. Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за Казнено - поправен дом "Идризово", КО Идризово, Општина Гази Баба - (плански период 2018 - 2028); и
21. Предлог - Одлука за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-8662 за КП 3796/2 и дел од КП 3795 КО Сингелиќ - 1.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.12.2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-8662 за КП 3796/2 и дел од КП 3795 КО Сингелиќ - 1, со **21 глас "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-1774 за дел од КП 135 КО Трубарево.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-1774 за дел од КП 135 КО Трубарево, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-1640/2016 за КП 914/1 КО Маџари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-1640/2016 за КП 914/1 КО Маџари, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Стив Наумов" - Скопје.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.12.2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истакна дека статутите на општинските основни училишта претходно беа изменети во согласност со новото уставно име, по претходниот Закон за основното образование, кога воопшто и не требаше мислење од советот на општината. Доколку во тој период требаше мислење од советот, такво позитивно мислење немаше да биде дадено од мнозинството во советот. Во конкретниот случај, предложените статути се изготвени и предложени до советот во согласносот со новиот Закон за основното образование. Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" ќе ги поддржи Предлог-Одлуките за давање позитивно мислење на статутите на сите општински основни училишта

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Григор Прличев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "25 Мај" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "25 Мај" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, со **21 глас "ЗА"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Кирил и Методиј", со **21 глас "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Крсте Мисирков" - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Крум Тошев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Крум Тошев" - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Наум Наумовски - Борче" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Наум Наумовски - Борче", со **22 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Наум Охридски" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Наум Охридски", со **21 глас "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Његош" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Статутот на ООУ "Његош" - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.12.2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Даде пауза од 10 минути (по сопствена оцена).

**По паузата.**

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кои имаат статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно-технички работи, за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Во отсуство на претседателот на комисијата за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, поднесе извештај од седницата одржана на 23.12.2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Побара реализација на проектот за интернет пренос во живо од седниците на советот (live streaming), се со цел да се избегнат можни шпекулации за тоа што се случува на седниците на советот.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за Казнено - поправен дом "Идризово", КО Идризово, Општина Гази Баба - (плански период 2018 - 2028).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за Казнено - поправен дом "Идризово", КО Идризово, Општина Гази Баба - (плански период 2018 - 2028), со **23 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Даде пауза од 10 минути за да се одржи седница на комисијата за финансии и Буџет, за да завземе став по однос на **Предлог - Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година** и ја задолжи стручната служба да изготви и достави извештај од седницата на комисијата до советот.

**По паузата.**

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.12.2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Триесет и четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **20 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот